Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 03-14/33
19-04-2022
20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Трговско друштво за производство трговија и услуги
ГЛИЦ Наумоска Гордана увоз-извоз
Бр. 0307/26
20.04.2022 год.
КИЧЕВО

# ДОГОВОР

1. **ЈП "Национални шуми" Скопје, Бул.Климент Охридски бр.68 Скопје** со жиро сметка број 200000026783244, даночен број 4030998338949-Депонент Стопанска банка АД Скопје, претставувано од В.Д. Директорот Валентин Груевски, во понатамошниот текст: **/ Договорен орган /** и
2. " Трговско друштво за производство, трговија и услуги Наумоска Гордана ГЛИЦ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево" Копачка бр. 2 Кичево, матичен број 5129311, даночен број 4012996108050, со жиро сметка број 200000024617234 - Депонент Стопанска банка, претставувано од Управителот Левко Наумоски во понатамошниот текст: **/ Носител на набавката /**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на Нови неупотребувани, оргинални или компатибилни Стоки - **Резервни делови за Трактори тип ИМТ, ЛКТ, Беларус, за Дел 3 – Резервни делови за трактори БЕЛАРУС** дадени во спецификацијата на ТД, преку испораки според условите утврдени во поедноставената отворена постапка бр.02252/2022, спроведена преку ЕСЈН и прифатената понуда – листа на цени на економскиот оператор Трговско друштво за производство, трговија и услуги Наумоска Гордана ГЛИЦ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот, односно горната финансиска рамка за реализација на набавката предмет на овој договор е вкупната проценета вредност согласно Одлуката за јавна набавка предмет на овој договор за **Дел 3 – Резервни делови за трактори БЕЛАРУС** изнесува **350.000,00** денари без ДДВ или **413.000,00** денари со ДДВ, согласно единечните цени дадени во листа на цени која е прилог на овој договор и истите се непроменливи за времетраење на договорот.

Договорот не го обврзува договорниот орган да ја изврши целокупната набавка, односно сите предвидени количини.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни плаќањето на износот од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански, во рок од 60 календарски денови од денот приемот на фактурата кон која се приложени уредно потпишани испратници .

Носителот на набавката фактурите заедно со испратниците во два комплета ги доставува во дирекцијата на адреса Ј.П,,Национални шуми, Бул.Климент Охридски бр.68 Скопје, при што во фактурата - испратницата наведува на која Подружница е извршена набавката предмет на овој договор.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да:

- изврши сукцесивна набавка на стоката предмет на овој договор согласно бараните технички спецификации и квалитет од прифатената понуда по доставена нарачка-спецификација,
- да се придржува до крајниот рок за доставување на предметот на набавката;
- извршувањето на набавката да одговара на општо прифатените норми, стандарди и гаранции за овој вид на стоки, односно на нови неупотребувани, оргинални или компатибилни резервни делови за трактори тип Беларус од понудениот тип.

## V.ГАРАНЦИЈА НА СТОКАТА

член 5

Носителот на набавката дава гаранција на вградената стока и извршената услуга во рок од **6 месеци**, сметано од денот на испорака на резервните делови.

## VI. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 6

Квалитативен и квантитативен прием врши овластено лице на договорниот орган по документ потпишан од двете страни, а согласно сертификати за квалитет и потекло на деловите кои носителот на набавката ги доставува со испорака на деловите на барање на договорниот орган. Договорниот орган го задржува правото на рекламација при приемот на стоката.

## VII ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Како гаранција за навремено и квалитетно извршување на превземените обврски согласно одредбите од овој Договор носителот на набавката доставува банкарска гаранција во висина од **10%** од вредноста на договорот со важност до целосно извршување на договорот, односно рокот на важност на Договорот. Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до важноста на Договорот плус 14 дена. За овој вид на набавка истата е со важност од една година и 14 дена од склучување на договорот.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на на носителот на набавката во рок од 14 дена по извршување на договорот.

## VIII. РОК НА ИСПОРАКА

Член 8

Договорните страни се согласни рокот на испораката да не биде подолг од 5 дена од денот на доставување на писмената нарачка – спецификација од договорниот орган, ф-ко магацин во Подружница на ЈП, а при тоа наведува за која Подружница е намената нарачката.

Поради специфичноста на предметот на набавката ,за нормално одвивање на производството кај Договорниот орган, набавката ќе се врши редовно и не ја одложува никаков спор.

Член 9

Договорните страни се согласни во случај Носителот на набавката да не ги изврши набавките во рокот определен во член 8 од овој договор, истиот е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 1,00 ‰ (промили) од вкупната вредност определена со член 2 од овој договор, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

Член 10

Договорниот орган е овластен да го раскине Договорот доколку носителот на набавката изврши промена на понудената цена, не се придржува согласно членовите 4, 5 и 8 или некој друг битен елемент од наведената понуда.

Раскинувањето на договорот се врши со претходна најава во рок кој не може да биде пократок од 15 дена.

Доколку договорот ќе се раскине пред истекот на важноста или пред исполнувањето на обврските по вина на носителот на набавката, договорниот орган ќе ја реализира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување која носителот на набавката ја доставил.

Носителот на набавката е одговорен за направена штета доколку при раскинување на договорот допринесе до нарушување на текот на производството или друга штета кај договорниот орган.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 11

Договорот се склучува на одредено време за период од една година од денот на склучувањето или до извршување на вредноста на договорот.

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигационите односи.

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 13

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Член 14

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република С.Македонија, како и Законот за Јавни набавки.

Член 15

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 примероци задржува Договорниот орган, а 1 примерок е за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Договорен орган, | Носител на набавка, |
| **ЈП "Национални шуми" Скопје** | **ГЛИЦ увоз-извоз ДООЕЛ** |
| В.Д. Директор, | Управител, |
| Валентин Груевски | Левко Наумоски |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.5 | Филтер ФГ11/1-АЗЛ според Каталог за шумски зглобни трактори LKT 81 TURBO LKT 81.1 zts 1/1991 или еквивалентно | парче | 12 | 800 | 9,600 | 1,728 |
| 6.6 | Воздушен филтер TSП 9450-11 5577-02-1299 според Каталог за шумски зглобни трактори LKT 81 TURBO LKT 81.1 zts 1/1991 или еквивалентно | парче | 6 | 14,600 | 87,600 | 15,768 |
| **ВКУПНО за ДЕЛ 2 без ДДВ** **со зборови: пет милиони сто и една илјада петсто и шеесет денари** | | | | | 5,101,560 | 918,281 |

| Р.бр. | Име на делот | Ед.мера | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДЕЛ 3.** Резервни делови за трактори БЕЛАРУС 82.1 | | | | | | |
| Техничка спецификација за набавка на резервни делови за трактори БЕЛАРУС 82.1, со година на производство од 2004 и 2007, моќност на моторот 60,3 KW работна зафатнина од 4750 см³ и погонско гориво нафта. | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| I | **МОТОР** | | | | | |
| 1.1 | Вбризгалка (дизна за висок притисок) | парче | 5 | 2,400 | 12,000 | 2,160 |
| 1.2 | Пумпа напојна за гориво (АЦ-пумпа) | парче | 3 | 6,000 | 18,000 | 3,240 |
| 1.3 | Цевки за висок притисок, гарн. | гарнитура | 3 | 3,000 | 9,000 | 1,620 |
| 1.4 | Заптивка за корито | парче | 3 | 800 | 2,400 | 432 |
| 1.5 | Грејач за мотор | парче | 5 | 400 | 2,000 | 360 |
| 1.6 | Дихтунг за глава | парче | 5 | 2,000 | 10,000 | 1,800 |
| 1.7 | Влошка за вбризгалка | парче | 10 | 1,500 | 15,000 | 2,700 |
| II | **КВАЧИЛО И МЕНУВАЧ** | | | | | |
| 2.1 | Пумпа за масло за менувачот | парче | 2 | 10,800 | 21,600 | 3,888 |
| 2.2 | Натисна плоча | парче | 6 | 36,000 | 216,000 | 38,880 |
| 2.3 | Средна плоча за квачило | парче | 3 | 2,600 | 7,800 | 1,404 |
| 2.4 | Лежиште за искл.на спојката | парче | 6 | 4,800 | 28,800 | 5,184 |
| 2.5 | Ламела | парче | 6 | 5,600 | 33,600 | 6,048 |
| III | **ПОДВОЗЈЕ** | | | | | |
| 3.1 | Ламела за блокада 70-2409016 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 12 | 3,200 | 38,400 | 6,912 |
| 3.2 | Облога за кочници | парче | 20 | 340 | 6,800 | 1,224 |
| 3.3 | Диск за кочница метален за задно тркало | парче | 6 | 7,600 | 45,600 | 8,208 |
| 3.4 | Полуга за кочница за задно тркало | парче | 3 | 800 | 2,400 | 432 |
| 3.5 | Лимен осигурачи за задни сопирачки | парче | 3 | 100 | 300 | 54 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.6 | Држач на спони лев | парче | 3 | 1,600 | 4,800 | 864 |
| 3.7 | Држач на спони десен | парче | 3 | 1,600 | 4,800 | 864 |
| 3.8 | Ракавец лев за предно тркало | парче | 3 | 6,400 | 19,200 | 3,456 |
| 3.9 | Ракавец десен за предно тркало | парче | 3 | 6,400 | 19,200 | 3,456 |
| 3.10 | Јабучица за спони | парче | 5 | 2,400 | 12,000 | 2,160 |
| 3.11 | Крајна спона десна | парче | 5 | 1,800 | 9,000 | 1,620 |
| 3.12 | Носач на ракавец | парче | 3 | 4,800 | 14,400 | 2,592 |
| 3.13 | Полна пластика за јабучица | парче | 3 | 650 | 1,950 | 351 |
| 3.14 | Подлошка за јабучица | парче | 3 | 50 | 150 | 27 |
| 3.15 | Семеринг за предно тркало | парче | 10 | 600 | 6,000 | 1,080 |
| 3.16 | Карданско вратило предно | парче | 3 | 6,400 | 19,200 | 3,456 |
| 3.17 | Крстач за кардан | парче | 20 | 1,400 | 28,000 | 5,040 |
| 3.18 | Заптивка 20-2201024 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 100 | 500 | 90 |
| 3.19 | Заштитна спојка 72 2203038 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 120 | 600 | 108 |
| 3.20 | Семеринг 69 2201031 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 600 | 3,000 | 540 |
| 3.21 | Страничен извод од карданот | парче | 5 | 4,600 | 23,000 | 4,140 |
| 3.22 | Плоча за кардан | парче | 3 | 2,100 | 6,300 | 1,134 |
| 3.23 | Вилушка на карданот | парче | 5 | 1,200 | 6,000 | 1,080 |
| 3.24 | Добош за задно тркало | парче | 3 | 10,200 | 30,600 | 5,508 |
| 3.25 | Карданско вратило средно | парче | 3 | 7,000 | 21,000 | 3,780 |
| 3.26 | Карданско вратило задно | парче | 3 | 7,800 | 23,400 | 4,212 |
| IV | ЕЛЕКТРО, ВОЗДУШНА И ХИДРУЛ. ИНСТАЛАЦИЈА | | | | | |
| 4.1 | Црево за воздух 70-3506470 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 1,400 | 7,000 | 1,260 |
| 4.2 | Црево за воздух 85-3506120 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 1,400 | 7,000 | 1,260 |
| 4.3 | Црево за воздух 85-3506140 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 1,300 | 6,500 | 1,170 |
| 4.4 | Шелна HS-21 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 200 | 1,000 | 180 |
| 4.5 | Црево 70-1405013 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 350 | 1,750 | 315 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.6 | Компресор за воздух | парче | 2 | 24,100 | 48,200 | 8,676 |
| 4.7 | Регулатор на воздух 80-3512010 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 7,200 | 36,000 | 6,480 |
| 4.8 | Црево за воздух 85-3506145 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 350 | 1,750 | 315 |
| 4.9 | Црево за воздух 70-3506481 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 350 | 1,750 | 315 |
| 4.10 | Славина кочиона 80-3514010 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 180 | 900 | 162 |
| 4.11 | Брзоврзувачка спојка 80-3521010 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 150 | 750 | 135 |
| 4.12 | Т-Спојка 70-3521030 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 5 | 200 | 1,000 | 180 |
| 4.13 | Карики за компр. | гарнитура | 3 | 1,200 | 3,600 | 648 |
| 4.14 | Клип за компресор | парче | 3 | 1,800 | 5,400 | 972 |
| 4.15 | Клипница за компресор | парче | 3 | 2,400 | 7,200 | 1,296 |
| 4.16 | Осовина за вклучување | парче | 3 | 840 | 2,520 | 454 |
| 4.17 | Запчаник за компресор | парче | 3 | 1,800 | 5,400 | 972 |
| 4.18 | Корито за масло за компресор | парче | 3 | 260 | 780 | 140 |
| 4.19 | Заптивка А29.01.006 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 3 | 300 | 900 | 162 |
| 4.20 | Цилиндар за компресор | парче | 3 | 6,400 | 19,200 | 3,456 |
| 4.21 | Глава за цилиндар за компресор | парче | 3 | 5,000 | 15,000 | 2,700 |
| 4.22 | Заптивка за глава за цилиндар | парче | 3 | 300 | 900 | 162 |
| 4.23 | Вентил за компресор | парче | 3 | 500 | 1,500 | 270 |
| 4.24 | Осигурач за осовина за клипница | парче | 3 | 10 | 30 | 5 |
| 4.25 | Брезон 2М 10х28 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 3 | 100 | 300 | 54 |
| 4.26 | Коленесто вратило за компресор | парче | 2 | 3,800 | 7,600 | 1,368 |
| 4.27 | Куглично лежиште 207 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 2 | 400 | 800 | 144 |
| 4.28 | Предно светло (Лев,Десен) | парче | 3 | 1,200 | 3,600 | 648 |
| 4.29 | Ел. мотор за брисачи | парче | 3 | 2,800 | 8,400 | 1,512 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.30 | Премостувач на маса | парче | 3 | 1,600 | 4,800 | 864 |
| 4.31 | Прекинувач на маса | парче | 3 | 1,600 | 4,800 | 864 |
| 4.32 | Автомат за стартер мотор | парче | 3 | 3,000 | 9,000 | 1,620 |
| 4.33 | Задни светла | парче | 2 | 240 | 480 | 86 |
| 4.34 | Алтернатор | парче | 2 | 18,200 | 36,400 | 6,552 |
| 4.35 | Изолаторска подлошка за алтернатор | парче | 2 | 420 | 840 | 151 |
| 4.36 | Изолатор на алтерн. | Парче | 5 | 100 | 500 | 90 |
| 4.37 | Изводна табла за алтернатор | парче | 3 | 120 | 360 | 65 |
| 4.38 | Фазен изолатор за алтернатор | парче | 3 | 120 | 360 | 65 |
| 4.39 | Ременица за алтернатор | парче | 3 | 140 | 420 | 76 |
| 4.40 | Држач за алтернатор | парче | 3 | 120 | 360 | 65 |
| 4.41 | Одбојник | парче | 3 | 120 | 360 | 65 |
| 4.42 | Статор за алтернатор | парче | 3 | 310 | 930 | 167 |
| 4.43 | Лимен осигурач за алтернатор | парче | 2 | 50 | 100 | 18 |
| 4.44 | Стартер мотор | парче | 3 | 20,100 | 60,300 | 10,854 |
| 4.45 | Реле за стартер мотор | парче | 2 | 120 | 240 | 43 |
| 4.46 | Контакт диск за стартер мотор | парче | 2 | 100 | 200 | 36 |
| 4.47 | Куќиште за автомат за стартер мотор | парче | 2 | 120 | 240 | 43 |
| 4.48 | Плоча за стартер мотор | парче | 2 | 100 | 200 | 36 |
| 4.49 | Осовинка за вилучка за стартер мотор | парче | 2 | 120 | 240 | 43 |
| 4.50 | Сигурносен полупрстен за стартер мотор | парче | 2 | 100 | 200 | 36 |
| 4.51 | Чаура предна за стартер мотор | парче | 2 | 200 | 400 | 72 |
| 4.52 | Чаура задна за стартер мотор | парче | 2 | 200 | 400 | 72 |
| 4.53 | Завртен контакт | парче | 2 | 960 | 1,920 | 346 |
| 4.54 | Колектор за стартер мотор | парче | 2 | 120 | 240 | 43 |
| 4.55 | Четкици неизолирани за стартер мотор | гарнитура | 2 | 1,800 | 3,600 | 648 |
| 4.56 | Намотки за стартер мотор | парче | 2 | 600 | 1,200 | 216 |
| 4.57 | Бендекс | парче | 2 | 3,800 | 7,600 | 1,368 |
| V | САЈЛИ И ГРАНИЧНИЦИ (ЖАБИЦИ) | | | | | |
| 5.1 | Граничник (жабица) за главна сајла | парче | 30 | 1,700 | 51,000 | 9,180 |
| 5.2 | Граничник (жабица) за помошна сајла | парче | 40 | 200 | 8,000 | 1,440 |
| 5.3 | Челично јаже (сајла) f-12 =12мм | 1 м (должина) | 1000 | 300 | 300,000 | 54,000 |
| VI | ФИЛТРИ | | | | | |
| 6.1 | Филтер за воздух | парче | 6 | 1,800 | 10,800 | 1,944 |
| 6.2 | Филтер за воздух, моноциклон | парче | 6 | 1,200 | 7,200 | 1,296 |
| 6.3 | Филтер за гориво - фин | парче | 6 | 300 | 1,800 | 324 |
| 6.4 | Филтер за гориво - груб | парче | 6 | 300 | 1,800 | 324 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.5 | Филтер за масло | парче | 6 | 500 | 3,000 | 540 |
| 6.6 | Филтер за масло во менувач 60-080 според Каталог за ТРАКТОР БЕЛАРУС 80,1/82.1/82.2/82Р или еквивалентно | парче | 6 | 1,400 | 8,400 | 1,512 |
| 6.7 | Филтер за хидрулика (хидромасло) | парче | 6 | 1,200 | 7,200 | 1,296 |
| **ВКУПНО за ДЕЛ 3 без ДДВ** | | | | | | 267,376 |
| **со зборови: еден милион четрсто осумдесет и пет илјади четрсто и дваесет денари** | | | | | 1,485,420 | |

***Напомена:*** *Понудувачите се должни да доставаат цена за сите позиции за делот за кој имаат поднесена понуда. Доколку не се понудени сите позиции понудата нема да се разгледува.*

II.3 Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
II.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и огласот
II.5 Доколку нашата понуда биде прифатена, се обврзуваме во целост да ги спроведуваме бараните набавки согласно условите предвидени во тендерската документација и позитивните законски прописи за ваков вид на стоки.

III.1. Изјавуваме дека имаме намера дел од договорот да го отстапиме на подизведувач/и, и тоа:*
- следниот дел од договорот:

______________________________________________

______________________________________________

- на следниот/те подизведувач/и (фирма, седиште, единствен даночен број и слично):

______________________________________________

______________________________________________

**(Податоците мора да бидат наведени само доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи)*

***Комерцијални услови:***

**1. Рок на плаќање:** вирмански во рок од **60 дена** сметано по извршена набавка и доставена фактура кон која се приложени уредно потпишани испратници.

**2. Рок и место на испорака:** сукцесивна според потребата, но не подолг рок од 5 дена, по поднесена нарачка електронски (по e-mail) од овластенот лице на ДО

I. **Квалитет:** во сè согласно барањата и ниво на квалитет пропишан во техничката спецификација на Договорниот орган.

II. **Производител на стоката: Руен Македонија, ППТ Србија, ИМТ Србија, Птар Драпшин Србија, Дроужба Бугарија, Кодекс Словенија, Гуферо Полска,Кент Турција, Искра Словенија, Филтрон Полска, Елекртомаш Украина...**

III. **Гаранција на стоката 6 месеци**

IV. **Напомена:**______________________________________________

Место и датум
Кичево, 02.03.2022 год.

Одговорно лице
Левко Наумоски

(потпис)*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*